Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 12, 27 октомври 2008 година

октомври 2008
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *селекција и семепроизводство* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *ентомологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето доцент на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *градинарство* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник за областа *здравствен менаџмент* на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 23

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област *здравствено осигурување и квалитет на здравственото осигурување* на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 24

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник по предметот Менаџмент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник по предметите Трудово право, Јавна администрација и други сродни дисциплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 33

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент по група предмети од областа *информатички технологии* на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 33

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И КВАЛИТЕТ НА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП**

Со Одлука број 0210-67/30 на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, донесена на седницата одржана на 1.4.2008 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент за научната област *здравствено осигурување и квалитет на здравствено осигурување*, по распишаниот Конкурс во дневните весници „Дневник” и „Лајм”.

Комисијата е составена од тројца професори:

1. проф. д-р Трајче Мицески, претседател
2. доц. д-р Ристо Фотов, член
3. доц. д-р Круме Николоски, член.

По разгледувањето на пријавите и доставената документација, врз основа на член 130 од Законот за високото образование на Република Македонија, Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На Конкурсот за избор на соработници за научната област здравствено осигурување и квалитет на здравствено осигурување се пријавија тројца кандидати: Петар Каранаков, Јане Басаровски и Анета Ѓуроска.

Според Конкурсот, кандидатите треба да достават:

1. пријава,
2. нострифицирана диплома за одбранет магистерски/докторски труд (оригинал и три копии заверени кај нотар),
3. кратка биографија (во четири примероци),
4. потврда дека се служи со еден од светските јазици,
5. список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од копиите во оригинал, доколку ги има),
6. уверение за државјанство.

Врз основа на пријавите по Конкурсот и останатите приложени документи кои ги доставија кандидатите, Рецензентската комисија го констатира следново.

**1. Кандидат Петар Каранаков.**

Според Конкурсот, има доставено:

- пријава по Конкурс,
- кратка биографија во два примерока на англиски јазик, наместо во четири примероци на македонски јазик, согласно со барањето во Конкурсот.

Според Конкурсот, нема доставено:

- нострифицирана диплома за одбранет магистерски труд стекната во Велика Британија, односно само фотокопија со потпис без печат и истата има судски превод и заверка на нотар;
- објавени стручни трудови,
- уверение за државјанство.

**2. Кандидат Јане Басаровски.**
Според Конкурсот, има доставено:
- пријава по Конкурс,
- кратка биографија во четири примероци на македонски јазик,
- уверение за државјанство.

Според Конкурсот, нема доставено:
- нострифицирана диплома за одбранет магистерски труд стекната во Италија,
- објавени стручни трудови.

**3. Кандидатка Анета Ѓуроска.**
Според Конкурсот, има доставено:
- пријава по Конкурс,
- нострифицирана диплома за одбранет магистерски труд стекната во Република Бугарија, во еден примерок, наместо еден оригинал и три копии заверени кај нотар;
- кратка биографија во еден примерок на македонски јазик, наместо во четири примероци, колку што се бараат во Конкурсот;
- уверение за државјанство.

Според Конкурсот, нема доставено:
- објавени стручни трудови.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата констатира дека од формална гледна точка кандидатите не ги исполнуваат одредбите од Законот за високото образование за избор во звање асистент за областа здравствено осигурување и квалитет на здравствено осигурување. Според тоа, ниту еден од овие кандидати нема доставено стручни трудови, врз основа на кои може да се даде оценка за стручната способност и од кои може да се заклучи дека се работи за кандидати со соодветни квалификации, што треба да ги имаат за избор во асистент по предметот Здравствено осигурување и квалитет на здравствено осигурување, според Студиската програма на Економски факултет во Штип.

Имајќи го предвид гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет **да не изврши избор во звањето асистент** по предметот Здравствено осигурување и квалитет на здравствено осигурување.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Трајче Мицески, претседател, с.р.**

**Доц. д-р Ристо Фотов, член, с.р.**

**Доц. д-р Круме Николоски, член, с.р.**